# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.98 од 15.06.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15 и 61/15), во членот 5 став 1 по точката 1-б) се додава нова точка 1-в), која гласи:

„1-в) лице кое има краткотрајно вработување согласно со Законот за агенциите за привремени вработувања;“.

**Член 2**

Во членот 52 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Осигуреникот од членот 5 став 1 точка 1-в од овој закон, ги користи правата од здравственото осигурување за време на траење на краткотрајното вработување, согласно со основот на задолжително здравствено осигурување пред настапување на краткотрајното вработување.“

**Член 3**

По членот 95 се додаваат два нови члена 95-а и 95-б, кои гласат:

**„Член 95-а**

Се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки, потполно се ослободуваат од извршување на казната, се определува бришење на осудата и се укинува правната последица на осудата на лицата за кои постои основано сомнение дека сториле кривично дело по членот 380-употреба на исправа со невистинита содржина од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14), на тој начин што во постапката за пријавување во здравственото осигурување пред Фондот за здравствено осигурување на Македонија поднеле изјава со невистинита содржина за остварените приходи во претходната година согласно со прописите за придонесите од задолжителното осигурување.

Ако против лицата од ставот 1 на овој член не е поднесена кривична пријава, истата нема да се поднесе.

Постапката за примена на одредбата од ставот 1 на овој член за лицата против кои е во тек кривична постапка, ја поведува по службена должност надлежниот јавен обвинител, односно надлежниот првостепен суд или лицето на кој се однесува ставот 1 на овој член, односно лице кое во име на осигуреникот може да изјави жалба.

Постапката за примена на одредбата од ставот 1 на овој член за кои постапката правосилно е завршена ја поведува по службена должност казнено-поправната установа во кое осуденото лице ја издржува казната затвор, а за лицата кои започнале со издржување на казната затвор, постапката ја поведува по службена должност судот што ја донел првостепената пресуда или надлежниот јавен обвинител или осуденото лице.

Решението за примена на одредбата од ставот 1 на овој член, го донесува надлежниот орган согласно со Законот за кривичната постапка, односно Законот

за извршување на санкциите во рок од осум дена од денот на влегување во сила на овој закон.
Против решенијата од ставот 5 на овој член, жалба може да поднесат јавниот обвинител, лицата на кои се однесува одредбата од ставот 1 на овој член и лицата кои во нивна корист можат да изјават жалба.
По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, а против решението на казнено-поправната установа одлучува Министерството за правда.
Во постапката за спроведување на овој член, се применуваат и одредбите на Законот за кривичната постапка и Законот за извршување на санкциите, доколку со овој член поинаку не е определено.
Упатство за спроведување на овој член донесува министерот за правда во рок од осум дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 95-б**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон се запираат од извршување правосилно изречените казни или надоместоци на штетата за сторени кривични дела по член 380- употреба на исправа со невистинита содржина од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14), против осигурениците кои во постапката за пријавување во здравственото осигурување пред Фондот за здравствено осигурување на Македонија поднеле изјава со невистинита содржина за остварените приходи во претходната година согласно со прописите за придонесите од задолжителното осигурување.
Граѓанските постапки за сторени кривични дела по член 380-употреба на исправа со невистинита содржина од Кривичниот законик кои се започнати против осигурениците кои во постапката за пријавување во здравственото осигурување пред Фондот за здравствено осигурување на Македонија поднеле изјава со невистинита содржина за остварените приходи во претходната година согласно со прописите за придонесите од задолжителното осигурување пред влегувањето во сила на овој закон и не се правосилно завршени се запираат.
Нема да се бара надоместок на штета од корисниците за задолжителното здравствено осигурување за кои постои основано сомнение дека сториле кривично дело по членот 380- употреба на исправа со невистинита содржина од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14), на тој начин што во постапката за пријавување во здравственото осигурување пред Фондот за здравствено осигурување на Македонија поднеле изјава со невистинита содржина за остварените приходи во претходната година согласно со прописите за придонесите од задолжителното осигурување."

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".